# ОДЛУКА

## за усвојување на Извештајот на друштвото за ревизија ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје за извршена ревизија на единечните финансиски извештаи на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје за 2020 година со Мислење на Надзорниот одбор

| SPARKASSE Bank | СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ | Бр. 15850/1 - 3 |
|---|---|---|
| | | Датум: 26.04.2021 |
| | | Стр. 2/2 |

Врз основа на член 29 од Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, Собранието на акционерите на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, на Седницата одржана на ден 26.04.2021 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**за усвојување на Извештајот на друштвото за ревизија ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје за извршена ревизија на единечните финансиски извештаи на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје за 2020 година со Мислење на Надзорниот одбор**

1. Се усвојува Извештајот на друштвото за ревизија ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје за извршена ревизија на единечните финансиски извештаи на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје за годината што завршува на 31 декември 2020 година заедно со Мислењето на Надзорниот одбор за Извештајот на друштвото за ревизија.
2. Извештајот на друштвото за ревизија ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје за извршена ревизија на единечните финансиски извештаи за 2020 година и Мислењето на Надзорниот одбор за Извештајот на друштвото за ревизија претставуваат прилог и составен дел на Одлуката.
3. Оваа Одлука стапува на сила со денот на донесувањето.

**ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД Скопје**
СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ
Претседавач
Тамара Тренчевска

| SPARKASSE Bank | НАДЗОРЕН ОДБОР | Бр. 7377/1-2-5-1 |
|---|---|---|
| | | Датум: 26.02.2021 |
| | | Стр. 1/1 |

# МИСЛЕЊЕ
## за Извештајот на друштвото за ревизија ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје

Друштвото за ревизија ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје во текот на месец јануари 2021 година изврши ревизија на единечните финансиски извештаи на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје за годината што завршува на 31 декември 2020 година, кои што вклучуваат Единечен Биланс на Состојба, Единечен Биланс на Успех, Единечен Извештај за сеопфатен приход, Единечен Извештај за промени во капиталот и Единечен Извештај за готовинските текови и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

Ревизијата на единечните финансиски извештаи на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје е планирана и спроведена во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија применливи во Република Северна Македонија и Кодексот на етика кои ревизорите се обврзани да го почитуваат.

При вршењето на ревизија ревизорите согласно проценетиот ризик од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи вклучија соодветни постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи.

Друштвото за ревизија ја разгледа интерната контрола во сите сегменти на банкарското работење и процесите на сметководствено евидентирање, признавање и вреднување на позициите од Билансот на состојба и Билансот на успех.

Со цел за успешно и ефикасно извршување на ревизијата на единечните финансиски извештаи за годината што завршува со 31 декември 2020 година, Друштвото за ревизија ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје пристапи кон предревизија во текот на октомври и ноември 2020 година, додека главната ревизија се изврши во 2021година (јануари и февруари).

Управниот Одбор на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје е одговорен за подготвување и објективно презентирање на единечните финансиски извештаи во согласност со законските регулативи во Република Северна Македонија.

Надзорниот одбор на Банката со задоволство го прифаќа Мислењето на ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје според кое единечните финансиски извештаи, во сите материјални аспекти, ја претставуваат реално финансиската состојба на Банката на 31 Декември 2020 година, и резултатите од работењето, промените во капиталот и паричните текови за годината што тогаш завршува, во согласност македонската сметководствена регулатива.
Во согласност со Член 89 став 3 точка 26 од Закон за банките, Надзорниот одбор на Банката го доставува ова писмено мислење за наведениот ревизорски извештај до Собранието на акционери.

**ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ**
**НАДЗОРЕН ОДБОР**
**Претседател**
**Георг Бухер**

# ОДЛУКА
## за усвојување на Извештајот на друштвото за ревизија ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО – Скопје за извршена ревизија на консолидираните финансиски извештаи на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје за 2020 година со Мислење на Надзорниот одбор

Врз основа на член 29 од Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, Собранието на акционерите на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје на Седницата одржана на ден 26.04.2021 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**за усвојување на Извештајот на друштвото за ревизија ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО – Скопје за извршена ревизија на консолидираните финансиски извештаи на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје за 2020 година со Мислење на Надзорниот одбор**

1. Се усвојува Извештајот на друштвото за ревизија ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО – Скопје за извршена ревизија на консолидираните финансиски извештаи на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје за годината што завршува на 31 декември 2020 година заедно со Мислењето на Надзорниот одбор за Извештајот на друштвото за ревизија.
2. Извештајот на друштвото за ревизија ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО – Скопје за извршена ревизија на консолидираните финансиски извештаи за 2020 година и Мислењето на Надзорниот одбор за Извештајот на друштвото за ревизија претставуваат прилог и составен дел на Одлуката.
3. Оваа Одлука стапува на сила со денот на донесувањето.

**ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД Скопје**
СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ
Претседавач
Тамара Тренчевска

ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД Скопје

| SPARKASSE Bank | НАДЗОРЕН ОДБОР | Бр. 7377/1-2-6-1 |
| --- | --- | --- |
| | | Датум: 26.02.2021 |
| | | Стр. 1/1 |

# МИСЛЕЊЕ
## за Извештајот на друштвото за ревизија ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје

Друштвото за ревизија ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје во текот на месец јануари 2021 година изврши ревизија на консолидираните финансиски извештаи на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје за годината што завршува на 31 декември 2020 година, кои што вклучуваат Консолидиран Биланс на Состојба, Консолидиран Биланс на Успех, Консолидиран Извештај за сеопфатна добивка, Консолидиран Извештај за промени во капиталот и Консолидиран Извештај за готовинските текови и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки. Консолидацијата ги вклучува финансиските извештаи на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, Шпаркасе Лизинг ДОО Скопје и правното лице за специјални намени С АМЦ 1 ДООЕЛ – правно лице со претежна дејност купопродажба на сопствен недвижен имот.

Ревизијата на консолидираните финансиски извештаи на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје е планирана и спроведена во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија применливи во Република Северна Македонија и Кодексот на етика кои ревизорите се обврзани да го почитуваат.

При вршењето на ревизија ревизорите согласно проценетиот ризик од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи вклучија соодветни постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи.

Друштвото за ревизија ја разгледа интерната контрола во сите сегменти на банкарското работење и процесите на сметководствено евидентирање, признавање и вреднување на позициите од Билансот на состојба и Билансот на успех.

Со цел за успешно и ефикасно извршување на ревизијата на консолидираните финансиски извештаи за годината што завршува со 31 декември 2020 година, Друштвото за ревизија ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје пристапи кон предревизија во текот на октомври и ноември 2020 година, додека главната ревизија се изврши во 2021 (јануари и февруари).

Управниот Одбор на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје е одговорен за подготвување и објективно презентирање на консолидираните финансиските извештаи во согласност со законските регулативи во Република Северна Македонија.

Надзорниот одбор на Банката со задоволство го прифаќа Мислењето на Друштвото за ревизија ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје според кое консолидираните финансиски извештаи, во сите материјални аспекти, ја претставуваат реално финансиската состојба на Групата на 31 Декември 2020 година, и резултатите од работењето, промените во капиталот и паричните текови за годината што тогаш завршува, во согласност македонската сметководствена регулатива.

Во согласност со Член 89 став 3 точка 26 од Закон за банките, Надзорниот одбор на Банката го доставува ова писмено мислење за наведениот ревизорски извештај до Собранието на акционери.

**ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ**
**НАДЗОРЕН ОДБОР**
Претседател
Георг Бухер

# О Д Л У К А

## за усвојување на Годишната сметка и финансиските извештаи на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје за 2020 година

| SPARKASSE Bank | СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ | Бр. 15850/1-5 |
|---|---|---|
| | | Датум: 26.04.2021 |
| | | Стр. 2/2 |

Врз основа на член 29 од Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, Собранието на акционерите на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје на Седницата одржана на ден 26.04.2021 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишната сметка и финансиските извештаи на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје за 2020 година**

1. Со оваа Одлука се усвојуваат Годишната сметка и финансиските извештаи на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, за 2020 година, според следните биланси:

    Биланс на состојба на ден 31.12.2020 година
    Биланс на успех од 01.01.2020 до 31.12.2020 година.

2. Во Билансот на состојба искажани се следните билансни состојби:

- Актива 26.234.171.357,00 денари
- Пасива и Капитал 26.234.171.357,00 денари

3. Во Билансот на успех за периодот од 01.01.2020 до 31.12.2020 година се искажани следните сосотојби:

    приходи........................................1.275.665.894,00 денари
    расходи........................................1.091.983.770,00 денари
    **добивка пред оданочување.................... 183.682.124,00 денари**
    данок на добивка................................ 7.380.459,00 денари
    **добивка по оданочување...................... 176.301.665,00 денари**

4. Оваа одлука стапува на сила на денот на донесувањето.

**ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД Скопје**
СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ
Претседавач
Тамара Тренчевска

# О Д Л У К А
## за усвојување на Консолидирана Годишна сметка и консолидирани финансиски извештаи на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје за 2020 година

Врз основа на член 29 од Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, Собранието на акционерите на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје на Седницата одржана на ден 26.04.2021 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Консолидирана годишна сметка и консолидирани финансиски извештаи на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје за 2020 година**

1. Со оваа Одлука се усвојуваат Консолидираната Годишната сметка и консолидираните финансиски извештаи на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје за 2020 година, според следните биланси:

   Биланс на состојба на ден 31.12.2020 година
   Биланс на успех од 01.01.2020 до 31.12.2020 година.

2. Во Консолидираниот Биланс на состојба искажани се следните билансни состојби:

- Актива 26.307.125.000,00 денари
- Пасива и Капитал 26.307.125.000,00 денари

3. Во Консолидираниот Биланс на успех за периодот од 01.01.2020 до 31.12.2020 година се искажани следните сосотојби:

   приходи........................................ 1.301.121.505,00 денари
   расходи........................................ 1.102.518.408,00 денари
   **добивка пред оданочување........................ 198.603.097,00 денари**
   данок на добивка.............................. 7.380.459,00 денари
   **добивка по оданочување......................... 191.222.638,00 денари**

4. Оваа одлука стапува на сила на денот на донесувањето.

ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД Скопје
СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ
Претседавач
Тамара Тренчевска

ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД Скопје

# О Д Л У К А
## за усвојување на Годишниот Извештај за работењето на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје во 2020 година и Мислење на Надзорниот одбор

| SPARKASSE Bank | СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ | Бр.: 15850/1-7 |
|---|---|---|
| | | Датум: 26.04.2021 |
| | | Стр. 2/2 |

Врз основа на член 29 од Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, Собранието на акционерите на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје на Седницата одржана на ден 26.04.2021 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје во 2020 година и Мислењето на Надзорниот одбор**

1. Со оваа Одлука се усвојуваат Годишниот извештај за работењето на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје во 2020 година и Мислењето на Надзорниот одбор кон Годишниот извештај за работењето на Банката во 2020 година.
2. Годишниот извештај за работењето на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје во 2020 година и Мислењето на Надзорниот одбор претставуваат прилог и составен дел на оваа Одлука.
3. Оваа Одлука стапува на сила на денот на донесувањето.

**ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД Скопје**
СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ
Претседавач
Тамара Тренчевска

ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД Скопје

| SPARKASSE Bank | НАДЗОРЕН ОДБОР | Бр.: 7377/1-2-9-1 |
| --- | --- | --- |
| | | Датум: 26.02.2021 |
| | | Стр. 1/1 |

# МИСЛЕЊЕ
## на Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје кон Годишниот извештај за работењето на Банката во 2020 година

Годишниот извештај за работењето на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје во 2020 година вклучува податоци кои се реален показател за макроекономските и пазарни услови на работење, глобалната економска ситуација, нарушеното функционирање на пазарите и рестриктивната кредитна политика од една страна, но и заложбите на органите на управување и вработените во Банката во остварување на стратешките определби и планираните активности за 2020 година.

Извештајот дава целосна слика на активностите на Банката и на активностите на мрежата на експозитури во 2020 година, како и на остварените финансиски резултати.

Годишниот извештај го презентира управувањето со ризиците, усогласеноста со супервизорските стандарди, финансиските активности, работењето на органите на Банката, управувањето со човечките ресурси, маркетинг активностите како поддршка на стратегијата за развој и креирање корпоративен имиџ и развојот на информатичката технологија.

Во Годишниот извештај на систематизиран начин се презентирани остварувањата по одделни банкарски активности, и тоа како во поглед на основните финансиски активности, така и за сите останати активности кои придонесуваат за успешно работење, адекватно управување со Банката, почитување и усогласување со целокупната законска регулатива.

Според мислењето на Надзорниот одбор, Годишниот извештај дава вистинска и објективна слика за работењето на Банката во текот на 2020 година.

Во согласност со Член 89 став 3 точка 25 од Закон за банките, Надзорниот одбор на Банката го доставува ова писмено мислење за наведениот Годишен извештај до Собранието на акционери.

ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ
НАДЗОРЕН ОДБОР
Претседател
Георг Бухер

| SPARKASSE Bank | СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ | Бр. 15850/1-8 |
|---|---|---|
| | | Датум: 26.04.2021 |
| | | Стр. 1/2 |

# О Д Л У К А

## за усвојување на Консолидираниот годишен извештај за работењето на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје во 2020 година и Мислење на Надзорниот одбор

| | | |
|---|---|---|
| SPARKASSE Bank | **СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ** | **Бр. 15850/1-8** |
| | | **Датум: 26.04.2021** |
| | | **Стр. 2/2** |

Врз основа на член 29 од Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, Собранието на акционерите на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје на Седницата одржана на ден 26.04.2021 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**за усвојување на Консолидираниот годишен извештај за работењето на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје во 2020 година и Мислењето на Надзорниот одбор**

1. Со оваа Одлука се усвојуваат Консолидираниот годишен извештај за работењето на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје во 2020 година и Мислењето на Надзорниот одбор кон Консолидираниот годишен извештај за работењето на Банката во 2020 година.
2. Консолидираниот годишен извештај за работењето на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје во 2020 година и Мислењето на Надзорниот одбор претставуваат прилог и составен дел на оваа Одлука.
3. Оваа Одлука стапува на сила на денот на донесувањето.

**ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД Скопје**
СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ
Претседавач
Тамара Трenчевска

ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД Скопје

| SPARKASSE Bank | НАДЗОРЕН ОДБОР | Бр. 7377/1-2-10-1 |
| --- | --- | --- |
| | | Датум: 26.02.2021 |
| | | Стр. 1/1 |

# МИСЛЕЊЕ
## на Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје кон Консолидираниот годишен извештај за работењето на Банката во 2020 година

Консолидираниот Годишен извештај за работењето на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје во 2020 година вклучува податоци кои се реален показател за макроекономските и пазарни услови на работење, глобалната економска ситуација, нарушеното функционирање на пазарите и рестриктивната кредитна политика од една страна, но и залошките на органите на управување и вработените во Групата во остварување на стратешките определби и зацртаните плански активности за 2020 година. Консолидацијата ги вклучува активностите на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, Шпаркасе Лизинг ДОО Скопје и правното лице за специјални намени С АМЦ 1 ДООЕЛ Скопје – правно лице со претежна дејност купопродажба на сопствен недвижен имот. Консолидираниот Годишен извештај дава целосна слика на активностите на Групата во 2020 година, како и на остварените финансиски резултати.

Консолидираниот Годишен извештај го презентира управувањето со ризиците, усогласеноста со супервизорските стандарди, финансиските активности, работењето на органите на Банката, управувањето со човечките ресурси, маркетинг активностите како поддршка на стратегијата за развој и креирање корпоративен имиџ и развојот на информатичката технологија.

Во Консолидираниот Годишен Извештај на систематизиран начин се презентирани остварувањета по одделни банкарски активности, и тоа како во поглед на основните финансиски активности, така и за сите останати активности кои придонесуваат за стабилно работење, адекватно управување со Групата, почитување и усогласување со целокупната законска регулатива.

Според мислењето на Надзорниот одбор, Консолидираниот Годишен Извештај дава вистинска и објективна слика за работењето на Групата во текот на 2020 година.

Во согласност со Член 89 став 3 точка 25 од Закон за банките, Надзорниот одбор на Банката го доставува ова писмено мислење за наведениот Консолидиран Годишен извештај до Собранието на акционери.

**ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ**
**НАДЗОРЕН ОДБОР**
**Претседател**
**Георг Бухер**

# О Д Л У К А
## за употреба и распределување на остварената добивка на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, по Годишна сметка за 2020 година

Врз основа на член 29 од Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, Собранието на Акционерите на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје на Седницата одржана на ден 26.04.2021 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## за употреба и распределување на остварената добивка на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, по Годишна сметка за 2020 година

1. Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, во деловната 2020 година, има остварено нето добивка во износ од **176.301.665,00 денари.**

2. Остварената нето добивка во износ од **176.301.665,00 денари** се распределува на следниов начин:

   - 9.301.665,00 денари во законски резерви
   - 167.000.000,00 денари во трајно задржана добивка за инвестициски вложувања – реинвестирана добивка која Банката ќе ја користи во 2021 година.

3. Добивката која се распоредува во задржана добивка за инвестициски вложувања не е расположлива за исплата на дивиденда на акционерите во иднина.

4. Одлуката стапува во сила на денот на донесувањето.

**ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД Скопје**
**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**
Претседавач
Тамара Тренчевска

**Образложение**

**кон Одлуката за употреба и распределување на остварената добивка на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, по Годишна сметка за 2020 година:**

Согласно ревидираните финансиски извештаи на Банката за 2020 година, Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје оствари нето добивка од 176.301.665,00 денари. Согласно член 483 од Законот за трговски друштва, Надзорниот Одбор на Банката му предлага на Собранието на акционери распределба на нето добивката за 2020 година на следниот начин: 9.301.665,00 денари во законски резерви и 167.000.000,00 денари во задржана добивка за инвестициски вложувања – реинвестирана добивка.

Добивката која се распоредува во задржана добивка за инвестициски вложувања е во согласност со годишниот план за инвестиции и служи за развојни цели, односно за вложувања во материјални и нематеријални средства за проширување на дејноста и истата не е расположлива за исплата на дивиденда на акционерите во иднина.
Распределбата на дел во задржана добивка за инвестициски вложувања е со намена за користење даночно ослободување во согласност со Законот за данок на добивка.

# ОДЛУКА

**за усвојување на Извештај за работењето на Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје за 2020 година, колективно и од аспект на поединечни членови**

| SPARKASSE Bank | СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ | Број: 15850/1 -10 |
|---|---|---|
| | | Датум: 26.04.2021 |
| | | Страни: 2/2 |

Согласно член 29 и член 49, став 1, точка 36 и став 2 од Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, Собранието на акционери на Банката, на седницата одржана на 26.04.2021 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

**за усвојување на Извештај за работењето на Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје за 2020 година, колективно и од аспект на поединечни членови**

1. Се усвојува Извештајот за работењето на Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје за 2020 година, колективно и од аспект на поединечните членови.
2. Извештајот за работењето на Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје за 2020 година претставува составен дел на оваа Одлука.
3. Оваа Одлука стапува на сила со денот на донесување.

**ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ**
СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ
ПРЕТСЕДАВАЧ
Тамара Тренчевска

| | | |
|---|---|---|
| SPARKASSE Bank | НАДЗОРЕН ОДБОР | No. 10630/1-1 |
| | | Датум: 22.03.2021 |
| | | Страни: 1/9 |

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР ВО 2020 ГОДИНА, КОЛЕКТИВНО И ОД АСПЕКТ НА ПОЕДИНЕЧНИ ЧЛЕНОВИ

## 1. Начин на работа на Надзорниот одбор и соработка со Управниот одбор

Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје (во понатамошниот текст: Банката) ги извршува своите активности во согласност со важечките законски прописи, Статутот на Банката, одлуките на Собранието на Банката, Кодексот за корпоративно управување и Деловникот за организација и работа на Надзорниот одбор. Ова тело на Банката се грижи за утврдување на деловната политика на Банката и го следи нејзиното спроведување, при што активно е вклучен во надзорот над работењето на Банката, запознаен со значајните промени во нејзиното работење и во нејзиното опкружување и дејствува навремено за заштита на долгорочните цели на Банката.

Надзорниот одбор на Банката, заедно со Управниот одбор, воспоставува и промовира корпоративна култура и вредности во Банката, имајќи ги предвид дефинираните стандарди и етички норми и го утврдува прифатливото ниво на ризик, имајќи ги предвид пазарната конкуренција, регулаторните барања, долгорочните цели на Банката, изложеноста на ризиците и капацитетот за преземање ризици, што подразбира и усогласеност на прифатливото ниво на ризик со деловната политика, финансискиот план, процесот на утврдување на интерниот капитал и системот за наградување.

Надзорниот одбор врши надзор на работењето на Управниот одбор, ги одобрува политиките за вршење на финансиските активности и го надгледува нивното спроведување. Овој одбор е одговорен да обезбеди добро работење и управување и стабилност на Банката, како и навремено и точно финансиско известување на Народната Банка.

Надзорниот и Управниот одбор на Банката во 2020 година, во услови на пандемија предизвикана од Covid-19, ги преземаа сите мерки согласно уредбите донесени од страна на Владата на Република Северна Македонија, во насока на ублажување на влијанието на Covid-19 врз работењето и отплатата на обврските на клиентите на Банката, за физичките и правните лица, како и превентивни мерки за заштита на здравјето на клиентите и вработените.

При извршувањето на своите надлежности, Надзорниот одбор ги има предвид интересите на заинтересираните лица и обезбедува услови за одржување ефикасна соработка со Народната банка на Република Северна Македонија и со останатите регулаторни органи.

Во согласност со Законот за банките, членовите на Надзорниот одбор мора да се личности од доверба и со соодветно ниво на експертиза, за да ја извршуваат нивната контролна функција и да го следат и надгледуваат целокупното работење на Банката. Надзорниот одбор ги назначува, ги советува и ги надгледува членовите на Управниот одбор и е директно инволвиран во донесувањето одлуки кои се од суштинско значење за Банката. Управниот одбор редовно поднесува извештаи до Надзорниот одбор во врска со деловните политики и останати суштински работи поврзани со средствата на Банката, обврските, финансиската состојба и резултатите, како и состојбата со ризиците, особено управувањето со ризиците и нивната контрола.

Членовите на Управниот одбор на Банката присуствуваа на сите седници на Надзорниот одбор, при што преку транспарентни и отворени дискусии дадоа дополнителни информации и образложенија за поднесените предлози и извештаи. Членовите на Надзорниот и Управниот одбор

редовно дискутирав и за состојбите во банкарскиот сектор, економијата во Република Северна Македонија, како и за други области кои би можеле да влијаат на работењето на Банката.

Надзорниот одбор е составен на начин што неговите членови, како целина, го поседуваат потребното знаење, способност и експертско искуство, за соодветно извршување на работните задачи. Дополнително, членовите на НО треба да имаат доволно време за извршување на своите должности. Составот на НО треба да обезбеди квалификувана контрола и совет на Управниот одбор на Банката, како членка на меѓународно застапена финансиска групација, и треба да се грижи за репутацијата на Групацијата Шпаркасе. Во тој поглед, особено внимание мора да се посвети на интегритетот, личните особености, подготвеноста за дејствување, професионализмот и независноста на лицата назначени за членови на НО. Целта е, Надзорниот одбор како група да ги поседува сите потребни знаења и експертиза поврзани со работењето на Шпаркасе Банка Македонија.

Надзорниот одбор ја зема во предвид разноликоста при номинирање кандидати за членови на НО. Во поглед на меѓународното искуство, професионалниот ангажман и приватните животи, четири членови на НО кои се претставници на мнозинскиот акционер се лоцирани надвор од Северна Македонија. Дополнително, мнозинството од членовите на НО имаат повеќегодишно меѓународно искуство како членови на управни и надзорни одбори и различни комитети. Во поглед на половата застапеност, сегашната структура на одборот вклучува две жени. Што се однесува до регулативата, НО има соодветен број на независни членови, односно два членови од вкупно шест се независни членови.

**2. Структура на Надзорниот Одбор и редовност на седниците**

Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје се состои од шест членови, за кои има претходно издадена согласност од страна на Гувернерот на Народната Банка на Република Северна Македонија за нивно именување како членови на Надзорниот одбор на Банката. Во периодот на известување, постоечките членови на Надзорниот одбор беа реизбрани со Одлука од Собрание на акционери одржано на 04.09.2020 година, која стапи на сила по добивање на согласност од Гувернерот на НБРСМ на 16.11.2020 година. Во 2020 година Надзорниот одбор ги спроведе своите активности во следниот состав:

- **Георг Бухер** – Претседател на Надзорен одбор
- **Валбурга Зајдл** – Заменик претседател на Надзорен одбор
- **Ханс Лудвиг Диксер** – Член на Надзорен одбор
- **Славиша Којиќ** – Член на Надзорен одбор
- **Кристијан Поленак** – Независен член на Надзорен одбор
- **Сузана Ставриќ** – Независен член на Надзорен одбор

Во следната табела се прикажани сите членови на Надзорниот одбор со нивната возраст, главно занимање и членување во други одбори:

| Член: | Георг Бухер |
|---|---|
| Позиција: | Член на Управен Одбор |
| Компанија: | Steiermärkische Bank und Sparkassen AG |
| Датум на раѓање: | 1962 |
| Прво назначување: | 09.2019 |
| Мандат: | 11.2024 |

| | |
|---|---|
| Член на Надзорен одбор и други членства | • Претседател на НО на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје<br>• Претседател на ОР на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје<br>• Член на Комисија за наградување и именување на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје<br>• Член на Надзорен одбор во Керитнер Шпаркасе АГ<br>• Член на Надзорен одбор во с ИТ Солушн АТ Шпардат ГМБХ<br>• Член на Надзорен одбор во Шпаркасе ИТ Холдинг АГ<br>• Член на Надзорен одбор во Банка Шпаркасе вд Љубљана<br>• Член на Надзорен одбор во Ерсте Банка а.д. Нови Сад.<br>• Претседател на Надзорен одбор во Охридска Банка АД Скопје<br>• Заменик – Претседател на Одбор за ревизија на Охридска Банка АД Скопје<br>• Член на Комисија за наградување и именување на Охридска Банка АД Скопје<br>• Член на Надзорен одбор во Ерсте и Штаермеркише Банка д.д. Загреб<br>• Член на Надзорен одбор на СКБ Индустриехолдинг ГмбХ од Австрија<br>• Управител во Кристине Кунц Гезелшафт мбХ од Австрија<br>• Член на Управен одбор на СКВ Прифатштифтунг |
| Наградување за членство во одборите на Банката | На членовите на Надзорен одбор кои се номинирани од страна на акционерот и се во работен однос во ентитети членки на Ерсте Групацијата, не им се исплатува надомест за работата во органите на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје |
| Присуство на седници во 2020 | Претседателот на НО присуствуваше на 6 седници во 2020 година |

| | |
|---|---|
| Член: | Валбурга Зајан |
| Позиција: | Член на Управен Одбор |
| Компанија: | Steiermärkische Bank und Sparkassen AG |
| Датум на раѓање: | 1973 |
| Прво назначување: | 11.2008 |
| Мандат: | 11.2024 |
| Член на Надзорен одбор и други членства | • Заменик-Претседател на НО на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје<br>• Заменик-Претседател на ОР на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје<br>• Заменик-Престедател на Надзорен Одбор на Охридска Банка АД Скопје<br>• Член на Одбор за Ревизија на Охридска Банка АД Скопје<br>• Член на Надзорен одбор на Ерсте и Штаермеркише Банк дд Ријека<br>• Член на Советодавен Одбор на СЛизинг Суд ГмбХ |
| Наградување за членство во други одбори | На членовите на Надзорен одбор кои се номинирани од страна на акционерот и се во работен однос во ентитети членки на Ерсте Групацијата, не им се исплатува надомест за работата во органите на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје |
| Присуство на седници во 2020 | Заменик претседателот на НО присуствуваше на 6 седници во 2020 година |

| | |
|---|---|
| Член: | Ханс Лудвиг Диксер |
| Позиција: | Директор на Финансии |
| Компанија: | Steiermärkische Bank und Sparkassen AG |
| Датум на раѓање: | 1967 |
| Прво назначување: | 05.2012 |
| Мандат: | 11.2024 |
| Член на Надзорен одбор и други членства | • Член на НО на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје<br>• Член на ОР на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје<br>• Член на Надзорен Одбор на Охридска Банка АД Скопје<br>• Член на Одбор за ревизија на Охридска Банка АД Скопје |
| Наградување за членство во одборите на Банката | На членовите на Надзорен одбор кои се номинирани од страна на акционерот и се во работен однос во ентитети членки на Ерсте Групацијата, не им се исплатува надомест за работата во органите на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје |
| Присуство на седници во 2020 | Членот на НО присуствуваше на 6 седници во 2020 година |

| | |
|---|---|
| Член: | Славица Којић |

| | |
|---|---|
| Позиција: | Заменик директор за стратегија во ЈИЕ и деловен развој |
| Компанија: | Steiermärkische Bank und Sparkassen AG |
| Датум на раѓање: | 1978 |
| Прво назначување: | 05.2015 |
| Мандат: | 11.2024 |
| Член на Надзорен одбор и други членства | • Член на НО на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје<br>• Член на ОР на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје<br>• Претседател на Комисија за наградување и именување на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје<br>• Член на Надзорен одбор на Охридска Банка АД Скопје<br>• Член на Одбор за ревизија на Охридска Банка АД Скопје<br>• Претседател на Комисија за наградување и именување на Охридска Банка АД Скопје<br>• Управител на КоКоМа ОГ Грац |
| Наградување за членство во одборите на Банката | На членовите на Надзорен одбор кои се номинирани од страна на акционерот и се во работен однос во ентитети членки на Ерсте Групацијата, не им се исплатува надомест за работата во органите на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје |
| Присуство на седници во 2020 | Членот на НО присуствуваше на 5 седници во 2020 година |
| **Член:** | **Кристијан Поленак** |
| Позиција: | Управувачки партнер |
| Компанија: | Адвокатско друштво "Поленак" |
| Датум на раѓање: | 1970 |
| Прво назначување: | 05.2011 |
| Мандат: | 09.2023 |
| Член на Надзорен одбор и други членства | • Независен член на Надзорен одбор на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје<br>• Член на Комисија за наградување и именување на Шпаркасе Банка АД Скопје |
| Наградување за членство во одборите на Банката | Фиксен годишен надоместок од 6.000 евр и дополнителен надоместок од 300 еур за присуство по седница кои се исплаќаат во денарска противредност по среден курс на НБРСМ на денот на исплата |
| Присуство на седници во 2020 | Членот на НО присуствуваше на 5 седници во 2020 година |
| **Член:** | **Сузана Ставрик** |
| Позиција: | Управител |
| Компанија: | Грант Торнтон ДОО Скопје |
| Датум на раѓање: | 1969 |
| Прво назначување: | 07.2017 |
| Мандат: | 11.2024 |
| Член на Надзорен одбор и други членства | Независен член на Надзорен одбор на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје. |
| Наградување за членство во одборите на Банката | Фиксен годишен надоместок од 6.000 еур и дополнителен надоместок од 300 еур за присуство по седница кои се исплаќаат во денарска противредност по среден курс на НБРСМ на денот на исплата |
| Присуство на седници во 2020 | Членот на НО присуствуваше на 6 седници во 2020 година |

## 3. Извршување на надлежностите на Надзорниот одбор

Во текот на извештајниот период, во согласност со важечките законски прописи, Надзорниот одбор одржа вкупно 6 седници, кои се одржаа во деловните простории на Банката или преку видео-конференции. Исто така, се одржаа шест седници преку писмена кореспонденција, како резултат на потребата од поддршка на оперативните функции на Банката. Во 2020 година се одржаа следните седници:

1. Седница на НО на 30.01.2020 година одржана преку видеоконференција

2. Седница на НО на 28.02.2020 година одржана во деловните простории на Банката
3. Седница на НО на 01.04.2020 година преку писмена кореспонденција
4. Седница на НО на 23.04.2020 година одржана преку видеоконференција
5. Седница на НО на 26.05.2020 година одржана преку видеоконференција
6. Седница на НО на 30.06.2020 година преку писмена кореспонденција
7. Седница на НО на 08.07.2020 година преку писмена кореспонденција
8. Седница на НО на 28.07.2020 година преку писмена кореспонденција
9. Седница на НО на 31.07.2020 година преку писмена кореспонденција
10. Седница на НО на 01.09.2020 година одржана преку видеоконференција
11. Седница на НО на 21.10.2020 година преку писмена кореспонденција
12. Седница на НО на 25.11.2020 година одржана преку видеоконференција

Надзорниот одбор го надгледува и советува Управниот одбор за своите управувачки активности и и сите стратешки одлуки кои се однесуваат на Банката кои како целина мора да бидат донесени со одобрение на Надзорниот одбор.

Согласно член 89 од Законот за банките, Членовите на Надзорниот одбор на квартална основа ги разгледуваа резултатите од работењето на Банката, извештаите за работењето на Управниот одбор, Одборот за управување со ризици, Одборот за ревизија, како и извештаите за работа на Службата за внатрешна ревизија, Службата за контрола на усогласеност со прописи и Одборот за надгледување на информативна технологија. Надзорниот одбор на квартална основа ги разгледуваше и извештаите за следење на кредитен, оперативен, ликвидносен, пазарен и валутен ризик и извештајот за проценка на адекватност на капитал. Надзорниот одбор ги разгледуваше и кварталниот Контролен извештај за ризици и извештајот за ризик од концентрација, полугодишните извештаи за сигурност на информативниот систем, годишниот извештај за управување со поплаки, одлучуваше за отпис на побарувања, ја усвои деловната политика и развојниот план на Банката, утврди предлог одлуки во надлежност на Собранието на Банката, го усвои финансискиот план на Банката, го одобри годишниот план на Секторот за внатрешна ревизија, ги одобри годишната сметка и финансиските извештаи на Банката, поединечни и консолидирани, го одобри предлогот на Одборот за ревизија за назначување на друштво за ревизија, ги разгледа извештаите на НБРСМ, Агенцијата за супервизија на осигурувањето и други надлежни институции, ги одобри поединечниот и консолидиран Годишен извештај за работењето на Банката во 2019 година и достави писмено мислење по истиот до Собранието на Банката, ги разгледа извештаите на друштвото за ревизија и достави писмени мислења по истите до Собранието на акционери и оствари други овластувања согласно закон.

Исто така, постапувајќи согласно Законот за Банки и Одлуката на НБРСМ за правилата за добро корпоративно управување во банка, по истек на мандат на членот на Управен одбор на Банката, Саша Боко заклучно со 30.09.2020 година, Надзорниот одбор на седницата одржана на 21.10.2020 година изврши поединечна и колективна оцена на соодветност и го именуваше г-дин Санел Кустурица за нов член на Управниот одбор на Банката. За таа цел во декември, 2020 година беше отпочната постапка за добивање на согласност од Гувернерот на НБРСМ за именување нов член на Управен одбор. Во согласност со наведените законски и подзаконски акти, Надзорниот одбор изврши и поединечни и колективни оцени и повторно ги именуваше постоечките членови на Одборот за ревизија со мандат до 16.11.2024 година.

Надзорниот одбор во соработка со Управниот одбор презема активности во насока на спроведување на Одлуката на Собранието на акционери на Банката за отпочнување на постапка за статусна промена – присоединување на Охридска Банка АД Скопје кон Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје донесена на 05.10.2020 година. За таа цел Надзорниот одбор го одобри

Стратешкиот и оперативен план на ШБМ како дел од документацијата во процедурата за стекнување дозвола од Гувернерот на Народната Банка на Република Северна Македонија по барањето за статусна промена. За целите на интеграција на двете банки, на седницата на НО одржана на 25.11.2020 година, Надзорниот одбор утврди Предлог за измени и дополнувања на Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, одобри Предлог за измена на организационата структура на Банката, одобри консолидиран Буџет 2021-2025 за Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје и одобри Risk Appetite Statement (RAS) и Supporting Metrics за период 2021-2025 година. На истата седница, Надзорниот одбор изврши поединечна и колективна оцена на соодветност и ја именуваше г-ѓа Нина Неданоска за нов член на Управниот одбор на Банката со Одлука која ќе се применува по добивање на дозвола од Гувернерот на Народната Банка на Република Северна Македонија за барањето за статусна промена-присоединување на Охридска Банка АД Скопје кон Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје и последователно регистрирање на присоединувањето во Централниот регистар на Република Северна Македонија.

Согласно законските барања и поддршката на оперативното работење во насока на дефинираната стратегија, Надзорниот одбор вршеше тековно ревидирање и усогласување на следните Политики и интерни акти:

- Политика за управување со негативните ефекти од "Covid-19" кризата врз кредитниот ризик
- Approval Guidelines in Retail business верзија 6.0
- Approval Guidelines in Corporate business верзија 5.0
- Compliance IT Strategy на Erste Group Bank AG за интегрирана Банка ШБМ/ОБ
- План за опоравување во вонредни услови, верзија 2.1
- Методологија на внатрешна ревизија за проценка на поврат по основ на платени прекршочни налози
- Групациски документи согласно Group Policy Framework (Risk Policy Municipalities – верзија 1.02, RICOS Policy Steiermärkische Sparkasse Group - верзија 2.04, Policy for Erste Business and Financial Analyses – верзија 1.0, Specialized Lending Rating Policy – верзија 1.0, Retail Credit Risk Management Policy - General requirements – верзија 2.0, Retail Credit Risk Management Policy – Products – верзија 2.0, Retail Credit Risk Management Policy – Collection Requirements – верзија 2.0, Retail Credit Risk Management Policy – Portfolio Management Reports – верзија 2.0, Industry Limit Steering Policy – верзија 2.0, ICAAP Policy – верзија 2.0, GLMRM Model Risk Management Policy – верзија 1.0, STMK Group Standard Risk Costs Policy – верзија 1.0)
- Стратегија за позиционирање на каматниот ризик верзија 1.0
- Групациски документи согласно Group Policy Framework (Risk Planning Policy– верзија 4.0; Early Warning Signal (EWS) Monitoring Policy- верзија 4.0; Industry Limit Steering Policy – верзија 3.0 and Policy for the Management of Interest Rate Risk in the Banking Book верзија 2.0)
- Групациски документи согласно Group Policy Framework (Business Data Management Policy - верзија 1.0.)
- Групациски документи согласно Group Policy Framework (Policy for Managing Operational Risk – верзија 4.0 and Policy on Litigation Cases Reporting and Provisioning - верзија 1.01)
- Политика за управување со ликвидносниот ризик, верзија 5.0
- План за опоравување на вонредни услови за 2021 година
- Ревидиран годишен план за ревизија за 2020 година
- Правилник за ревизија
- Политика за управување со валутен ризик верзија 7.0
- Политика за управување со пазарниот ризик верзија 6.0
- Годишен план за 2021 година на Внатрешна ревизија
- Стратешки план за 2021-2023 година на Внатрешна ревизија

- Интерни акти за Внатрешна ревизија (Прирачник за ревизија - верзија. 5.0, Повелба за ревизија - верзија 5.0, Процедура за ревизија на информативниот систем на Банката-верзија 5.0 и Процедура за програма за осигурување и унапредување на квалитетот на работење на Внатрешната ревизија – верзија 2.0)
- Деловна политика за 2021 година и Развоен план за 2021-2025
- Risk Appetite Statement (RAS) и Supporting Metrics за 2021 година пред интеграција
- Деловник за работа на Сениор кредитен одбор верзија 5.0
- Approval Guidelines in Corporate Business в.6.0
- Методологија за утврдување и оценка на ризик в.5.0
- Групациски документи согласно Group Policy Framework (Financial Reconciliation Policy-верзија 4.0, Risk Policy Municipalities - верзија 2.0. и ILAAP Policy – верзија 1.01)
- Групациски документи согласно Group Policy Framework (Reporting Governance Policy верзија 1.0)
- План за ликвидност во вонредни услови верзија 4.1
- Ликвидносна стратегија верзија 2.1
- Политика за судир на интереси верзија 4.0
- Стратегија за управување со ликвидносен ризик, верзија 1.0
- Стратегија за управување со пазарен ризик, верзија 2.0
- Ревидиран Risk Appetite Statement (RAS) за 2020 – 2024
- Политика за Контрола на усогласеност со прописи верзија 3.2

Надзорниот одбор донесе и други одлуки во рамките на своите надлежности утврдени со законските прописи, меѓу кои утврдување на предлог-одлука за употреба и распределување на остварената добивка на Банката, предлог-одлука за утврдување на измени и дополнувања на Статутот на Банката, предлози за свикување на собранија на акционери, донесе одлука за кредитна линија од Европска Банка за Обнова и Развој (ЕБОР) за поддршка на претпријатија во кризна состојба, ги разгледа остварувањата на Деловната политика и развојниот план за 2019 година.

Во 2020 година, Надзорниот одбор ги одобри и следните интерни акти и предлози и ги разгледа следните информации/извештаи:

- Програма за работа на Член на Управен одбор (С.Кустурица)
- Програма за работа на Член на Управен одбор (Н.Неданоска)
- Информација за акциски план за постапување на ШБМ по препораки и наоди од НБРСМ
- Оценка на респонзивност по препораки од НБРСМ
- Информација за извршено само-оценување од членови на НО
- Информација за извршено само-оценување од членови на ОУР
- Извештај за активностите на Одбор за ревизија во 2019, колективно и од аспект на поединечните членови
- Предлог за одобрување на варијабилна награда за членовите на Управниот одбор
- Предлог за одобрување на варијабилна награда за носители на контролни функции
- Предлог за одобрување на KPIs за 2020
- Предлог за одобрување на KPIs за носители на контролни функции за 2020 година
- Предлог за назначување на членови на Сениор кредитен одбор
- Предлог за назначување на членови на Одбор за надгледување на информациони технологии (ОНИТ)
- Предлог за воведување на нова финансиска активност.

Во согласност со Законот за банките и Одлуката на НБРСМ за правилата за добро корпоративно управување во банка, Надзорниот одбор во 2020 година изврши поединечни и колективни годишни оцени на Надзорниот одбор и законски пропишаните одбори.

**4. Извештај за активностите на Надзорниот одбор од аспект на поединечни членови**

- **Георг Бухер (Претседател на НО)** - член на Управниот одбор во Steiermärkische Bank und Sparkassen AG од 2004 година, каде почитувањето на корпоративната култура и вредности имаат особена важност, постојано се следат и имплементираат најдобрите практики во корпоративното управување и истите континуирано се пренесуваат до сите членки на Групацијата. Со своето богато искуство во областа на банкарството, Бухер ги даде следните придонеси за стратешкиот развој на Банката: успешно ја организираше работата на Надзорниот одбор и неговите комисии, се погрижи седниците на Надзорниот одбор да бидат свикани редовно и навремено, претседаваше на седниците со посветување особено внимание на конкретните теми и нивната важност, при што ги водеше дискусиите со посветување на адекватно време согласно значењето на темата. Бухер, во име на Надзорниот одбор ги потпишуваше донесените одлуки и акти. Неговата активна вклученост во неколку групациски проекти кои се однесуваат и на Шпаркасе Банка Македонија, како и во проектот на интеграција со Охридска Банка АД Скопје, резултира со одлично познавање на финансиската состојба и профилот на ризичност на Банката, што овозможува преземање на активности во насока на остварување на органски и неоргански раст.

  Тој овозможи Банката да одржува доследно високо ниво на усогласеност и одговорност согласно локалната законска регулатива во Република Северна Македонија, особено со правилата и регулативите на Народната Банка на Република Северна Македонија, како и со релевантните политики и упатства на Групацијата.

- **Валбурга Зајдл (Заменик-претседател)** – Член на Управен одбор во Steiermärkische Bank und Sparkassen AG - Заменик Претседателот на Надзорниот одбор на Банката поседува богато искуство и знаење кои се соодветни за извршување на своите надлежности. Таа во потполност ги разбира воспоставениот систем на корпоративно управување во Банката и улогата на Надзорниот одбор во истиот, при што дава особен придонес во неговото ефикасно функционирање. Како експерт во областа на управување со ризиците, таа придонесе во дефинирањето на приоритетите во ризиците и имплементацијата на групациските политики за управување со ризици во Банката.

- **Ханс Лудвиг Диксер (Член)** – Директор на финансии во Steiermärkische Bank und Sparkassen AG - Неговиот профил се карактеризира со стратешко размислување, интегритет, одлучност и посветеност кон понатамошно унапредување на работењето на Банката. Тој поседува значајно познавање на стратегиите на Групацијата и го сподели своето искуство од областа на финансиите, стратегијата и бизнис моделот на Steiermärkische Bank und Sparkassen AG.

- **Славиша Којиќ (Член)** – Заменик директор за стратегија во ЈИЕ и деловен развој во Steiermärkische Bank und Sparkassen AG – има широки познавања на регионалните пазари, особено во областа на работење со физички лица. Неговата долгогодишна соработка со Шпаркасе Банка Македонија обезбедува стратешка и директна поддршка на нејзините деловни активности.

- **Кристијан Поленак (Независен член)** – Управувачки партнер во Адвокатското Друштво Поленак - како независен член, со своето богато искуство даде значаен придонес при извршувањето на активностите на Надзорниот одбор, особено за прашањата кои се однесуваат на правото и законските прописи.

- **Сузана Ставриќ (Независен член)** - Управител во Грант Торнтон ДОО Скопје - како независен член на Надзорниот одбор и овластен ревизор, значително придонесе за работата на одборот. Нејзиното професионално искуство за ревизија на комерцијалните банки, централните банки и другите финансиски институции е од голема важност за Надзорниот одбор на Банката.

Членовите на Надзорниот одбор поседуваат добра репутација, ги почитуваат законските одредби и договорните обврски. Нивната соработка со супервизорските и со другите надлежни органи е на високо ниво. Тие во целост ги почитуваат корпоративната култура и вредности на Банката, а функцијата член на Надзорен одбор ја извршуваат професионално и непристрасно.

**5. Судир на интереси и превземени мерки**

Врз основа на погоре споменатото, како и врз основа на постапката за самооценување, Надзорниот одбор оценува дека сопствената работа, од аспект на поединечните членови и колективно, е во согласност со релевантните национални и групациски прописи, и соодветно ја исполнува својата цел, контролирање на работењето и обезбедување на стратешки насоки за поддршка и развој на Банката. Во периодот на известување, еден од членовите декларираше еден случај на постоење на конфликт на интерес, за кој се преземени соодветни мерки. Членовите на Надзорен одбор редовно поднесуваа изјави за постоење на конфликт на интерес во согласност со законските барања.

**6. Оцена на соодветност на членовите на Надзорниот одбор**

Врз основа на точка 22 од Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка, како и Член 49 став 2 од Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, Надзорниот одбор на Банката доставува известување за резултатите од извршена оцена на соодветност на членовите на Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје до Собранието на Банката. Надзорниот одбор на Банката, изврши годишни поединечни оцени на соодветноста на секој член на Надзорниот одбор, како и колективна оцена на одборот во целост, при што членовите и одборот во целост се оценети позитивно и не се утврдени активности каде што е потребно унапредување или промени.

**НАДЗОРЕН ОДБОР**
Претседател
Георг Бухер

ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД Скопје 5